CROATIA® осигурување/живот

КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД СКОПЈЕ

**ДОКУМЕНТ СО КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ**

Овој документ содржи клучни информации за осигурителен производ за осигурување на животот во врска со уделите во инвестициските фондови кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик и има цел да ви помогне при разбирањето на природата, ризиците, трошоците, можните добивки и загуби од овој производ и да ви помогне да го споредите со други производи. Овој документ не претставува промотивен (рекламен) материјал.

**1. Општи податоци**

1.1 **Назив на осигурителниот продукт - ТВОЈ КРО ЛАЈФ ИНВЕСТ** осигурување со врзување за цената на уделите на отворениот инвестициски фонд КБ Публикум Балансиран со идентификациски број 9120000000149 управувани од КБ ИНВЕСТ АД Скопје;

1.2 **Друштво за осигурување на животот:** Кроациа Осигурување - Живот АД Скопје, ул.Железничка бр.41, 1000 Скопје, РС Македонија, интернет страна: www.cro.mk, телефони +389 2 3215 083 и +389 2 3215 883; КОНТАКТ ЦЕНТАР: 15510 (08:00h – 16:00h секој работен ден);

1.3 **Надлежен орган за супервизија:** Агенција за супервизија на осигурување, ул.Македонија бр.25, Палата Лазар Поп Трајков, кат 5, 1000 Скопје, РС Македонија, интернет страна www.aso.mk, телефон 02 3254 050

1.4 Датум на ажурирање на документот: 12.06.2024 година.

***2.*** **Кои се клучните карактеристики на производот?**

**2.1 Опис на осигурувањето**

ТВОЈ КРО ЛАЈФ (Осигурување) е инвестициско осигурување на животот кај кое Договорувачот го сноси ризикот од вложувањето каде што премијата е поделена на: (1) Премија за осигурување на животот - дел наменет за осигурително покритие во случај на смрт и доживување, (2) Премија за вложување, дел од премијата кој е наменет за купување удели во фонд, соодветно на преостанатиот дел од бруто-премијата за осигурителното покритие, го сочинува инвестициониот дел на премијата, а се користи за врзување на цената на уделот на Инвестициониот фонд, наведен во полисата за осигурување. Соодносот на делот на премијата наменет за осигурителното покритие во случај на смрт и доживување и премијата за вложување е ваш избор и може да изнесува 20%/80%, 30%/70%, 40%/60%, 50%/50%, 60%/40%, 70%/30%, и 80%/20% од висината на улатената бруто-премија. Премијата за осигурување се плаќа еднократно или повеќекратно и 3) Трошоци за спроведување на осигурувањето. Траењето на осигурувањето може да биде од 1 до 25 години.

Со премијата за вложување се купуваат удели во отворениот инвестициски фонд КБ Публикум – Балансиран. Бројот на удели кој се купува во инвестицискиот фонд во име на Договорувачот зависи од цената на уделите на датумот на купувањето. Цената на уделите на инвестицискиот фонд се утврдува во согласност со Правилата на работење и Проспектот на фондот. Во проспектот на фондот се наоѓаат детални информации за инвестицискиот фонд и клучните цели за вложување на фондот. **Вредноста на референтниот број удели не е загарантирана при истекот на осигурувањето, при откуп и при настанување на ризикот смрт.** Со зголемување на цената на уделите на инвестицискиот фонд, се зголемува и вредноста на референтниот број удели вложен во име на Договорувачот, со намалување на цената на уделите на инвестицискиот фонд, се намалува и вредноста на референтниот број на удели вложен во име на Договорувачот.

Повратот односно исплатата на осигурувањето зависи од движењето на цената на уделите на Фондот, надоместоците и трошоците на производот. За други детали, видете ја секцијата „**Бидете свесни за следните ризици**", делот „**Кои се ризиците и очекувањата од производот**" и делот „**Останати релевантни информации**".

**Во случај на смрт се исплаќа** осигурената сума за случај на смрт од болест или незгода наведена во полисата, и вредноста на инвестицискиот портфолио по цената на уделите на инвестицискиот фонд на петтиот работен ден од денот на поднесување на барањето за надомест на штета. **Во случај на доживување се исплаќа** вредноста на инвестициското портфолио по цената на уделите на инвестицискиот фонд на последниот ден на важност на осигурувањето и осигурената сума за доживување наведена во полисата. Вредноста на референтниот број на уделите на одреден датум е еднаков на референтниот број на удели помножен со цената на уделите на Фондот на тој датум.

Осигурителот редовно годишно до Договорувачот и Осигуреникот ќе доставува годишен извештај за склучениот договор за осигурување на животот во врска со уделите во инвестициските фондови најдоцна во рок од 30 дена од завршувањето на деловната година.

**2.2 Цели и начин на остварување на тие цели**

2.2.1 Инвестициската цел на фондот е да оствари максимален можен принос за имателите на удели во Фондот, притоа почитувајќи ги постоечките ограничувања на вложувањата, како и потребите за ликвидност и сигурност на пласманите. Стратегијата на избор на инструменти од кои ќе се гради портфолиото на Фондот содржи средно ниво на ризик, кое е повисоко од ризикот карактеристичен за паричните фондови или, пак, за фондовите кои инвестираат исклучиво во должнички хартии од вредност, а во исто време е понизок од ризикот на оние фондови кои најголем дел од средствата ги инвестираат во акции. Одлуката за вложување ја донесува искусен и професионален тим на Фондот КБ Публикум – Балансиран врз основа на фундаментални и технички анализи како и проценка на идните приходи и парични текови на одбраните фирми. Средствата на фондот ќе бидат инвестирани во следните инструменти: (1) Вложувања во акции на издавачи од Р.С.М., Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина, Украина, Руската Федерација, Бразил, Индија и Кина. Вложувања во акции на издавачи од земјите членки на Европската Унија и ОЕЦД; (2) Вложувања во должнички хартии од вредност на издавачи од Р.С.М., Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина; Вложувања во должнички хартии од вредност на издавачи од земјите членки на ЕУ и ОЕЦД; Краткорочни должнички хартии од вредност на издавачи од Р.С.М. , Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина, ЕУ и ОЕЦД; Вложувањата во должнички хартии од вредност издадени од Р.С.М., земји членки на ЕУ и ОЕЦД, може да надминат 35% од имотот на Фондот; (3) Вложувања во депозити кај овластени банки од Р.С.М. со рок на доспевање пократок од 1 година; Инструменти на пазарот на пари кои се тргуваат на организирани пазари, издадени од издавачи од Р.С.М., како и државите членки на ЕУ и ОЕЦД; (4) Вложувања во инвестициски фондови кои претежно инвестираат во акции или должнички хартии од вредност на издавачи од земјите од Југоисточна Европа, Украина, ЕУ, ОЕЦД, Бразил, Кина, Индија, САД и Руската Федерација, под услов да не наплатуваат трошоци за управување повисоки од 2,5% од нето-вредноста на имотот на фондот;

**НАПОМЕНА: Инвестициските цели и инвестициската политика на Фондот можат да бидат променети со одлука на Друштвото за управување за измени и дополнувања на Статутот и Проспектот.**

2.2.2 Во процесот на управување со средствата на фондот КБ Публикум – Балансиран се применува експертизата на професионалниот тим на на Фондот КБ Публикум – Балансиран.

**2.3 Таргет група**

2.3.1 КБ Публикум – Балансиран е наменет за инвеститорите што сакаат да ги вложат своите средства за период над 2 години, кои се со стабилни приходи, имаат познавања од работата на инвестициските фондови, финансиските пазари и инвестирањето и се спремни да преземат средно до повисоко ниво на ризик.

**Внимавајте нивото на ризик на ивестицискиот Фонд да одговара на вашата подготвеност за преземете ризици.**

**2.4 Користи и трошоци од осигурителниот производ**

ТВОЈ КРО ЛАЈФ ИНВЕСТ осигурување на животот е инвестициско осигурување на животот што му овозможува следна корист на осигуреникот (1) временски и просторно неограничено осигурување на животот во случај на смрт; (2) можност за остварување принос со средно до повисоко ниво на ризик; (3) управување на средствата од професионалци (4) диверзифицирано инвестициско портфолио по валути, земји и инструменти за да се постигне подобар баланс помеѓу ризичноста и повратот на инвестирањето (5) автоматско реинвестирање на добивката (6) исплата на осигурана сума при доживување, смрт од болест, смрт од незгода како и вредноста на инвестициското портфолио (7) можност за вклучување дополнителни осигурувања (8) можност за обновување на договорот за осигурувањето по истекот на иницијално договорениот период на осигурување (9) намалени трошоци за управување со средствата, односно инвестирањето во фондот е без и/или намалена влезна провизија (доколку се инвестира индивидуално во фондот, фондот може да пресмета и да наплати повисоки надоместоци).

Пример за придобивки за осигурување со траење од 10 години (периодично годишно плаќање на премија): ако осигуреникот има 40 години, склучи полиса со траење од 10 години, каде што премијата му е 1.000 евра годишно со распределба 50% вложување во инвестициски фонд и се плаќа редовно, вредноста на вложените средства во инвестицискиот фонд на крајот од рокот на важењето на полисата би била:

CROATIA® осигурување/живот

КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| очекуван годишен принос од -2% | очекуван годишен принос од 0% | очекуван годишен принос од 5.154% |
| 4.481,72 евра | 5.000,00 евра | 6.660,81 евра |

Износот на осигурената сума за доживување = вредноста на средствата вложени во инвестициски фонд на истек на договорот + гарантираната осигурена сума за доживување.

Пример за придобивки за осигурување со траење од 10 години (еднократно плаќање на премија): ако осигуреникот има 40 години, склучи полиса со траење од 10 години, каде што премијата му е 2.500 евра со распределба 50% вложување во инвестициски фонд и е платена целосно, вредноста на вложените средства во инвестицискиот фонд на крајот од рокот на важењето на полисата би била:

| | | |
|---|---|---|
| очекуван годишен принос од -2% | очекуван годишен принос од 0% | очекуван годишен принос од 5.154% |
| 1.021,34 евра | 1.250,00 евра | 2.066,18 евра |

Износот на осигурената сума за доживување = вредноста на средствата вложени во инвестициски фонд на истек на договорот + гарантираната осигурена сума за доживување.

Имајте предвид дека се работи за пресметки од информативен карактер кои не се правно обврзувачки за Осигурителот. Ако сакате поделелна пресметка со други износи или рокови, обратате се до Осигурителот или до неговиот застапник.

**2.5 Краен рок на покритие**

Датумот на крајниот рок на покритие е датумот на полисата означен како **„Истек на осигурувањето**", освен доколку покритието (и осигурувањето) не престане порано поради смрт на осигуреникот, поради откуп на полисата или сторнирање на полисата од страна на осигурителот поради неплаќање на премијата, или поради стечај на друштвото што управува со инвестициските фондови, а согласно со условите за осигурување.

## 3. Кои се ризиците и очекувањата од производот?

Осигурувањето со врзување со Фондот КБ Публикум – Балансиран е изложено и на ризици. Профилот на ризичноста на овој вид осигурување зависи од профилот на ризичноста на Фондот при што референтната вредност на бројот на уделите директно зависи од цената на уделите на Фондот. Синтетичкиот показател на успешноста и ризичноста ги мери историските промени на цената на уделите на Фондот. Историските податоци не се сигурен показател за идниот профил на ризичноста на Фондот. Прикажаните категории на ризичноста и успешноста на фондовите не се загарантирани, со текот на времето тие може да се менуваат. Најниската категорија не значи вложување без ризик.

| КБ Публикум – Балансиран | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ←Понизок ризик<br>Обично понизок принос | | | | Повисок ризик→<br>Обично повисок принос | | |

Пресметката на категоријата на ризичноста се заснова на историското движење на цената на уделите и нето-вредноста на имотот на Фондот од почетокот на постоењето.

Со состојба на 31.03.2024 година, Фондот КБ Публикум – Балансиран се наоѓа во категорија 4, што упатува на умерено кон високо ниво на ризик и е во согласност со долгорочната стратегија на фондот.

Осигурувањето се договара во евра, додека уплатата на премијата и исплатата на осигурената сума се исплаќаат во денари по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата односно исплататта. На делот од уплатата во денари кој се однесува на вложувањето не се врши конверзија во евра. Вредноста на инвестициското портфолио е изразена во денари, од уплатата во денари се пресметува делот наменет за вложување. Осигурената сума договорена во ЕВРА се исплаќа во денарска противвредност според средниот курс на НБРСМ на денот на исплатата, а вредноста на инвестициското портфолио се исплаќа во денари без индексирање со девизи.

**Бидете свесни за следните ризици: Валутен ризи**к кој се јвува при промена на цената на една валута во однос на друга; **Пазарен ризик** кој зависи од движењето на пазарните цени на хартиите од вредност; **Кредитен ризик** – веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги намири своите обврски во моментот кога тие ќе достасаат; **Каматен ризик** - промената на каматните стапки може позитивно или негативно да се одрази на вредноста на вложените средства; **Ликвиден ризик** – веројатност дека во одреден момент ќе има тешкотии при изнаоѓањето на средства за Фондот да ги намири обврските поврзани со повлекувањето на уделите од Фондот како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност; **Политички ризик** – веројатност од евентуални политички кризи во РСМ или во странство, кои може да доведат до промена на имотот на Фондот и/или Друштвото; **Ризик од промена на даночните прописи** – веројатност дека законодавната власт, во РСМ или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот на Фондот/или Друштвото; **Оперативен ризик** -ги сумира сите неизвесности кои се составен дел од секојдневните деловни активности на Фондот/или Друштвото и **Ризик од инфлација** - зголемување на општото ниво на цените во определен период поради што може да дојде до намалување на реалната добивка којашто ја остварил Фондот и/или Друштвото. Секој потенцијален инвеститор пред почетокот на вложувањето е потребно да ги дефинира своите индивидуални финансиски цели, да го оцени прифатливиот степен на ризик на кој може да биде изложен, да го дефинира временскиот хоризонт на вложувањето и, на крајот, да ја одреди висината на приносот што сака да ја оствари во иднина. Имајќи го предвид фактот дека не постои вложување кое истовремено ги постигнува сите поставени цели, потребно е секој потенцијален инвеститор да го избере оној фонд кој најмногу одговара во поглед на поставените цели.

**Со вложување во овој вид осигурување можат да се претрпат значителни загуби**. Овој производ не вклучува заштита од идни движења на пазарот и во текот на периодот на вложување негативните пазарни трендови можат привремено да ја намалат вредноста на референтниот број на уделите, односно вредноста на референтниот број на уделите може да биде пониска во однос на почетната вредност на референтниот број на уделите, така што може да изгубите дел или целата инвестиција. Инвестицијата не е заштитена делумно или целосно со гарантен фонд и нема заштита доколку друштвото не е во состојба да ја исплати.

**Ефектот на ризикот кај осигурителниот производ може да биде значително повисок доколку не е чуван до достасување, односно до препорачаниот период за чување, таму каде што е можно**.

| Просечен месечен принос за КБ Публикум Балансиран (податок од информативен карактер - не претставува проекција на можниот принос на Фондот во иднина) | | | |
|---|---|---|---|
| | Последни 12 месеци | Последни 24 месеци | Последни 5 години |
| Просечен месечен принос | 0.9971% | 0.6083% | 0.4295% |

Детални информации во врска со Фондот КБ Публикум – Балансиран, се наведени во Проспектот и Документот со клучни информации за инвеститорот кои се објавени на интернет страницата на отворениот фонд www.kbpublikum.com.mk.

## 4. Кои се последиците во случај друштвото да не може да изврши исплата?

Во случај на ликвидација или стечај на Осигурителот, врз средствата за покривање на математичката резерва врзана за надомести во случај на смрт како и врз средствата за покривање на посебната резерва за надомест осигурени со договорот за осигурување кои се директно врзани за вредноста на вложувањата не може да се спроведе извршување ниту тие средства влегуваат во имотот, односно стечајната или ликвидационата маса на Осигурителот.

Во случај да дојде до припојување или ликвидација на отворениот инвестициски фонд каде се вложува премијата за вложување, на Договорувачот без дополнителни трошоци му се дава следниот избор: (i) да премине во друг фонд кај истото ДУИФ или (ii) да премине во друг фонд кај друго ДУИФ, за што Договорувачот треба да се произнесе во рок од 15 дена. Доколку Договорувачот не ја прифати можноста за премин во друг фонд, Друштвото ќе смета дека настанал случај на доживување и на Договорувачот ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио без наплата на какви било излезни трошоци и ќе му го врати неискористениот дел од премијата за осигурување.

CROATIA®
осигурување/живот

КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ
АД СКОПЈЕ

## 5. Кои и колкави се трошоците поврзани со производот?

| Расчленување на трошоците | | | |
|---|---|---|---|
| Еднократни трошоци | Влезни трошоци | 5% од осигурана сума;<br>од 0.28% до 1.12% од бруто премија, за еднократно плаќање на премија. | Ефект на трошоците што ги плаќате при склучување договор за осигурување. |
| | Излезни трошоци | 0% | **Ефект на трошоците** што ги плаќате при престанок на осигурувањето **по крајниот рок на покритието**. |
| | | 0% | **Ефект на трошоците** што ги плаќате при престанок на осигурувањето **пред крајниот рок на покритието (откуп).**<br>За повеќекратна уплата откуп е возможен ако се платени 3 годишни премии и поминати 3 години од почетокот на осигурувањето. За еднократна уплата откуп е возможен по помината 1 година од датумот на склучување на полисата.<br>Согласно Проспектот на Фондот излезен трошок не се наплаќа доколку е измината една година од моментот на вложувањето. |
| Повторувачки трошоци | Трансакциски трошоци на инвестициското портфолио | 0% | Ефект на трошоците за купување и продажба на уделите во отворените инвестициски фондови |
| | Останати повторувачки трошоци | **за еднократно плаќање на премија**<br>0.29% од осигурана сума за мешано осигурување;<br>**за повеќекратно плаќање на премија:**<br>од 0.5% до 2.0% од бруто премија<br>0.49% од осигурена сума за мешано осигурување | Ефект на трошоците што се наплатуваат секоја година за управување со вашите инвестиции и други трошоци. Ова ги вклучува давачките за управување и другите административни трошоци. |
| Повремени и непредвидени трошоци | Надоместоци за успешност | - | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку приносот ја надмине референтната вредност. |
| | Учество во добивка | - | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку вложувањето ја надмине референтната вредност. |

Напомена: Процентот на влезни трошоци од 5% од осигурана сума е непроменлив и е составен дел од премијата за мешано осигурување, додека останатите влезни трошоци и повторувачките трошоци зависат од изборот на соодносот на делот на премијата наменет за осигурително покритие и премијата за вложување. Со зголемување на премијата за осигурително покритие се зголемува висината на износот на трошоците.

## 6. Опции за предвремено прекинување на договорот и последици

За целосно остварување на инвестициската цел, се препорачува да се задржи производот **до истекот на договорениот период на осигурувањето**. Со оглед на тоа што точниот износ на исплатата во случај на откуп не е однапред познат, производот не се препорачува за инвестиции пократки од договорениот рок на осигурувањето. Во случај на откуп на осигурувањето, откупната вредност на полисата одговара на вредноста на референтниот број удели на првиот следен работен ден откога е поднесено барањето за откупот и откупната вредност наведена во табелата на откупни вредности. За производот со еднократна уплата на премија откупот е дозволен по истекот на првата година на осигурувањето. За производот со повеќекратна уплата на премија првите 3 години не е дозволен откуп.

## 7. Информации за поднесување на приговори и претставки

Приговорите за производот (вклучувајќи го овој и документ), односно за давање услуга или извршување на обврските од страна на Друштвото, може да се доставаат писмено до Друштвото на следната адреса: ул.Железничка бр.41, 1000 Скопје, или по електронска пошта на contact@cro.mk или пак на следната интернет страница за поднесување приговор: https://cro.mk/Формулар_за_поплаки.aspx
Доколку не сте задоволни од одговорот по приговорот или Друштвото не ве извести во рок од 30 дена, тогаш имате право да поднесете претставка до АСО во писмена форма (непосредно во АСО или по пошта), во електронска форма на pretstavki@aso.mk.

## 8. Други релевантни информации.

Документите поврзани со овој производ се како што следуваат подолу и се достапни на:
-Посебни услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови со повеќекратна уплата на премија каде осигуреникот го сноси инвестициониот ризик (0542) со важност од 01.10.2022, и Посебни услови за осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови со еднократна уплата на премија каде осигуреникот го сноси инвестициониот ризик (0541) со важност од 01.10.2022, достапни на интернет страницата на Кроациа Осигурување Живот АД (www.cro.mk/Услови.aspx),
- Проспект на Фондовите, Документ со клучни информации за инвеститорот, правилата на Фондот и цените на уделите на Фондот се достапни на интернет страницата на Друштвото за управување со инвестициски фондови www.kbpublikum.com.mk. Депозитна банка на Фондот КБ Публикум – Балансиран е – Комерцијална Банка АД Скопје. Фондот се одобрен во Република Северна Македонија и го регулира КХВ, Скопје.

**Со својот потпис подолу потврдувате дека сте ја добиле, сте ја прочитале и сте ја разбрале оваа преддоговорна и договорна документација што ви ја доставува Друштвото пред да го склучите договорот за осигурување во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурувањето.**

**Со својот потпис на овој документ изјавувате дека сте информирани во врска со деталите за осигурувањето ТВОЈ КРО ЛАЈФ ИНВЕСТ, како и за содржината на Статутот и Проспектот на отворениот инвестициски фонд КБ Публикум-Балансиран управуван од КБ ИНВЕСТ АД Скопје и дека во целост ги разбирате карактеристиките на осигурителниот производ, придобивките и ризикот од инвестирањето во уделите на отворениот инвестициски фонд КБ Публикум-Балансиран управуван од КБ ИНВЕСТ АД Скопје.**

**Документот го прочитав и разбрав:**

Датум: __.__.____ г.

____________________
име и презиме/потпис